**Известување за концентрација помеѓу Лонгтејл Ад Солушенс, Инц САД и Друштво за информатичка технологија ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија и ИнПлеер Лимитед, Обединето Кралство,.**

**(предмет бр. 08-137/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на **Лонгтејл Ад Солушенс, Инц** (Longtail Ad Solutions, Inc), со регистрирано седиште во Државата Делавер на 251 Литл Фолс Драјв, Вилмингтон, Округ Њу Касл 19808, Соединетите Американски Држави, над **Друштво за информатичка технологија ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр. 11, Центар, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и над одредени средства на ИнПлеер Лимитед (InPlayer Limited), со регистрирано седиште на 37-41 Мортимер Стреет, Лондон, ВВ1Т 3ЈХ, Обединето Кралство, преку стекнување на удел и средства.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**Лонгтејл Ад Солушенс, Инц** е владејачко друштво на ЈВ Плеер (JW Player) групацијата на друштва („**ЈВ Плеер**“). ЈВ Плеер обезбедува технологија за онлајн репродукција (*online video player technology*) на видеа на барање и гледање на видеа во живо, која се продава на онлајн издавачи и радиодифузери на база на софтвер-како-услуга (SaaS). Лонгтејл нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено било каков (директен или индиректен) приход во државата.

Основната деловна активност на **ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје** е развивање на софтвер. Поконкретно, ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје учествува во развивањето и работењето на ИнПлеер платформата за монетизација на видеа, што вклучува и обезбедување на услуги за поддршка на корисниците на платформата.

Подносителот на известувањето смета дека релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар на IT решенија и IT услуги***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаднe под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.10.2022 година
Скопје